Бр./Nr 12-2685/2
27-04-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2685/1 од 13.08.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-2685/1 од 13.08.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 13.08.2020 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-2685/1 од 13.08.2020 година.

Во пријавата, насловена како ивестување, подносителот наведува дека веќе 12 години не го знае гробното место на неговата покојна сестра за што се обратил до сите институции во ----------------, но никој не преземал ништо, а од обвинителот добил закани да престане да пишува за да не го снајде истото. Во продолжение наведува дека иако имал опструкции успеал да ги прибави фалсификуваните документи, а во овој случај биле вклучени и тајкуните од аферата рекет. Тој се повикува на периодот кога во ---------- им било забрането на граѓаните од албанска националност да купуваат имот, која одлука била укината од Уставниот суд, но тој наведува дека од тогаш почнал теророт на неправославното население кои живееле и имале имоти во атрактивниот дел на ------- каде што живеела и сестра му. Како што е наведено, тајкуните покрај грабежот на општествениот имот се нафрлиле и врз животите и имотите на граѓаните. Подносителот наведува дека после 3 месеци добил покана од нотар од ----------- за решавање на оставината од покојната сестра по барање од лице кое не е во роднинска врска, но не може да пренесе сè што се случувало потоа затоа што имало премногу фалсификувани документи. Во продолжение, наведува дека по донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за денационализација во 2000 година започнал теророт и од кичевските тајкуни. Имено, предметот на подносителот имал број 1 а кај комисијата биле вршени опструкции 10 години, додека на блиските со власта за 6 месеци им биле врачувани решенија, па така во случајот ја зеле улицата и ја продале. Подносителот во прилог доставува фотографии од дивоградба на улица во -------------, која била затворена а нивните објекти излегувале на таа улица под број 2. Подносителот водел спор поради незаконско градење и затворање на

пристапот до куќата која е заштитена, на што наведува дека за да биде замолчен му била поднесена и кривична пријава за која Основниот суд ----------------- донел пресуда во 2014 година.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека иако иститe опишуваат повеќе настани сепак не се содржани конкретни наводи или незаконитости кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на конкретни службени лица, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**